Република Северна Македонија

**Министерство за култура и туризам**

Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа ДРАМСКИ ТЕАТАР
Institucioni Nacional TEATRI I DRAMËS
Скопје Shkup

| Примено: E pranuar: | 30.07.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един.: Njësia org.: | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 467/2 | | |

Архивски знак: Shenja arkivore: ____
Рок на чување: Afati i ruajtjes: ____
____ 20____ година viti

**Ип 1 бр. 57-48**
**Датум: 29.07.2025 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Национална установа - Драмски театар, Скопје | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „ Шекспирова“ бр. 15, Скопје | |
| Адреса за е-пошта | info@dramskiteatar.com.mk | |
| Телефон | | |
| Матичен број на субјектот | 4067541 | |
| Даночен број на субјектот | 4030974131197 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ - Скопје | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме: , директор | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 16.07.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.00 | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 28.07.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.30 | |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | Национална установа - Драмски театар – Скопје | | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Изведувачка уметност (шифра- 90.01) | | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | ул. „Шекспирова“ бр. 15, Скопје | | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам (**во натамошниот текст: СУИН на МКТ**) за месец јули 2025 година, бр. 57-


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

953/6 од 01.07.2025 година. Инспекцискиот надзор е извршен од: Зоран Маркозанов, виш инспектор при СУИН на МКТ.

Предмет на редовниот инспекциски надзор е примена на Законот за културата во работењето на Националната установа Драмски театар – Скопје **(во натамошниот текст: Театар)**, како и наменското користење на средствата добиени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура и туризам за реализација на Годишната програма за работа на Установата за 2024 година, согласно со истиот закон.

Основ: член 82 став (1) од Законот за културата, и член 69 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/19, 272/24 и 22/25) **(во натамошниот текст: ЗИН)**.

6) Во извршувањето на инспекцискиот надзор е употребена листа за проверка којашто е дадена во прилог и е составен дел на овој записник.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] директор | [redacted] | [redacted] |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваа и лицата:

| Р.бр. | Име и презиме/својство | Телефон |
|---|---|---|
| 1. | [redacted] раководител на Одделение за материјално и финансово работење | |
| 2. | [redacted] надворешен соработник, ангажирана со договор за дело за вршење на административни, општи и правни работи | |
| 3. | [redacted] главен благајник | [redacted] |
| 4. | [redacted] | [redacted] |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

10.1 - Согласно со член 29 став (1) и (2) и член 30 став (2) од Законот за културата **(во натамошниот текст: ЗК)**, по пат на јавен оглас, со Решение на министерот за култура и туризам бр. 44-10664/2 од 29.11.2024 г., [redacted] е избран за директор на Театарот, со мандат од 4 години. Претходно, со Решение на министерот за култура бр. 44-6548/3 од 19.12.2023 г., за в.д. директор на Театарот била именувана [redacted], додека со Решение на министерот за култура бр. 44-6385/2 од 26.06.2024 г., за в.д. директор на Театарот била именуван [redacted], од редот на вработените.

- Согласно со член 35 став (2) од Законот за културата, со Решение на министерот за култура бр. 44-755/2 од 01.08.2023 г., за членови на Управниот одбор од редот на вработените именувани се [redacted] (претседател) и [redacted], а за членови на Управниот одбор од редот на истакнати поединци од областа на културата именувани се [redacted] и [redacted] додека со Решение на министерот за култура бр. 44-7550/6 од 18.08.2023 г., за член на Управниот одбор како претставник од локалната самоуправа именувана е [redacted]

– Согласно со обврската од членот 31-б став (1) од Законот за културата, Театарот до МКТ има доставено Извештај за реализација на годишната програма за работа на установата за периодот 01.-06.2024 година, бр. 05-424/1 од 10.07.2024 г., но не е доставен полугодишен финансиски извештај за остварување на годишната програма за работа на установата за периодот 07.-12.2024 година.

- Согласно обврската од член 70 став (1) од Законот за културата, Театарот до МКТ ја доставил Нацрт–годишната програма за работа на Установата за 2024 година, бр. 01-387/2 од 06.09.2023 г. (заведена во МК под УП1 бр. 20-666 од 07.09.2023 г.), за што е добиена потребната согласност со Одлука на Управниот одбор бр. 02-384/3 од 05.09.2023 г., што е обврска од член 36 став (1) т. 3 од Законот за културата.

- Во врска со обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, директорот на установата, по претходна согласност на управниот одбор да ја донесе Годишната програма за работа на националната установа, во рок од 15 дена од донесувањето на решенијата на министерот за култура за прифаќање на проектите содржани во нацрт-годишната програма за работа, при надзорот е констатирано дека, согласно со Решението на министерот за култура, УП1 бр. 20-666/2023 од 08.02.2024 година, Управниот одбор на Театарот има донесено Одлука за давање на согласност за годишната програма за работа за 2024 г., бр. 04-202/4 од 23.02.2024 година.


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

- Согласно со обврската од членот 70-б став (2) од Законот за културата, националните установи во првиот квартал од тековната година за претходната година доставуваат извештај до МК за реализацијата на годишната програма за работа на националната установа, при надзорот утврдено е дека Театарот до МКТ доставил Извештај за реализацијата на годишната програма за 2024 година, бр. 05-140/1 од 07.03.2025 г., заведен во МКТ под бр. 20-3193/1 од 11.03.2025 година. При надзорот е утврдено дека Театарот доставува и поединечни извештаи за реализација на проектите по дејности, како и за материјалните трошоци за работа на установата.

- Согласно со обврската од член 77-е став (2) од ЗК, при вработување на уметници да се спроведе и постапка за аудиција, при надзорот е утврдено дека Театарот спровел постапка за аудиција при вработувањето на 10 актери четврта категорија, по пат на Јавен оглас за вработување на уметници на определено време бр. 01/2023 година. При надзорот е презентиран Записник од одржана аудиција за актери, бр. 04-11/6 од 24.01.2024 г., Одлука за избор на 10 кандидати за вработување на актери шетврта категорија бр. 04-111/7 од 24.01.2024 г., како и решенија за вработување на секој актер поединечно.

- Согласно со обврската од член 77-л од ЗК, уметниците од категорија А треба да се оценуваат со спроведување на постапка за реаудиција на секои 3 години, врз основа на постапка спроведена од комисија што ја формира директорот на установата, по што директорот донесува решенија за положена реаудиција и за распоредување на работно место. При надзорот е утврдено дека во Театарот, на денот на надзорот, има вработено вкупно 43 актери (10 вработени во 2024 година), вклучително и сегашниот директор, како и актуелниот министер за култура и туризам, чие работно место во Установата, во моментот е во мирување.
При надзорот е презентиран Правилник за формата содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекција за унапредување, начинот на спроведување на реаудиција како и начинот на нивно бодување во НУ Драмски театар Скопје, бр. 0201-324/12 од 14.10.2021 година, донесен од страна на Управниот одбор на Театарот.
Врз основа на член 77-л од ЗК и Правилникот, во декември 2022 година спроведена е постапка за реаудиција на 25 актери, а за 6 актери коишто имале 10 години до остварување на правото за пензија (еден од нив од лани е во пензија), не е спроведена постапка за реадуиција согласно со член 77-л став (2) од ЗК. За спроведената реаудиција, при надзорот се презентирани решенија за формирање


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

на комисија за реаудиција, записници од спроведена реаудиција, решенија за положена реаудиција, како и решенија за распоредување на работно место.
Врз основа на член 77-л од ЗК и Правилникот, во декември 2024 година спроведена е постапка за реаудиција на 3 актери (за коишто претходно била спроведена реаудиција во 2021 година), за што при надзорот се презентирани решенија за формирање на комисија за реаудиција, записници од спроведена реаудиција, решенија за положена реаудиција, како и решенија за распоредување на работно место.

10.2. Финансиското работење со средствата од Буџетот на Р.С. Македонија

Од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, според годишните договори за 2024 г. и решенијата за преведувања на средства, финансирана е дејноста на Театарот со средства во вкупен износ од 90.847.151 денари.

Средствата се преведени за следните намени:

- **плати, придонеси од плати и К-15** **81.111.335 денари**
- **програмски активности** **5.620.000 денари**
- **материјални трошоци** **50.000 денари**
- **комунални услуги и електрична енергија** **736.508 денари**
- **греење** **3.206.731 денари**
- **отпремнина и парична помош** **122.577 денари**

Според Банковиот извод бр. 72 од 24.12.2024 г., салдото на нереализирани средства на буџетската сметка на Театарот изнесувало 352.318 денари (237.070 денари од меѓународната дејност, 115.212 денари од проект од издавачка дејност од 2023 година и 36 денари од средствата за плати), коишто на 31.12.2024 г. се вратени во Буџетот на Р.С. Македонија.

Преведените средства, според годишните договори, биле наменети за реализација на проекти од следните дејности:

| Р.бр | Програма | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | 41–Драмска дејност | 3.772.577 | 3.600.000 денари за проекти, 50.000 денари за материјални трошоци за работа на установата и 122.577 денари за отпремнини и парична помош |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | 10 – Издавачка дејност | 220.000 | Од коишто 154.00 денари се преведни во 2024 г., а 66.000 денари на почетокот на 2025 г. |
| 3. | 90 – Меѓународна дејност | 1.800.000 | |
| | **Вкупно:** | 5.792.577 денари | |

Дополнително, врз основа на повеќе решенија за преведување на средства, на Театарот, од програма 41, конто 421, му се преведни средства во износ од **736.508** денари (**518.002** денари за електрична енергија и **218.506** денари за комунални услуги, од коишто 109.385 за вода и 109.121 за ѓубретарина), додека од програма 84 конто 421, му се преведени 3.206.731 денари за греење.

**<u>41–Драмска дејност</u>**

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на Театарот за 2024 г. од областа на драмската дејност, бр. 20-2059/1 од 20.02.2024 г. и анекс-договорите бр. 20-2059/20 од 02.09.2024 г. и 20-2059/34 од 13.12.2024 г., од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МКТ, на Театарот му се одобрени и преведни средства во износ од **3.772.577** денари, од коишто **3.600.000** денари за проекти, **50.000** денари за материјални трошоци за работа на установата и **122.577** денари за отпремнини и парична помош. Истовремено, во текот на 2024 г. на Театарот му се преведни средства во износ од 100.000 денари како преостаната обврска за проект од 2023 година.

Проектите од драмската дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| **I Програмски активности/претстави** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Р. бр** | **Назив на проект** | **Одобрени и преведени** | **Реализирани трошоци** | **Забелешка** |
| 1. | „Драма за принцезите (Смртта и девојката I-V)“- автор I , режија | 1.250.000 | 1.250.000 | **Проектот е реализиран со премиера на 15.11.2024 г.** - Трошоци по авторски договори за автор на текст, режија, драматург, сценограф, костимограф, композитор на музика, лектор, превод, суфлер и видео запис како и фактури за материјали за сценографија и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | костимографија, реквизити, шминка, печатење на плакати и постери, укоричување,коктел, цевќе и сл.<br>-Платено по повеќе банковни изводи и по фискални сметки, во готово од благајна<br>- Од сопствени извори, Театарот има дополнително исплатено **222.045** денари за реализација на проектот |
| 2. | „Хеда Габлер“- автор режија | 700.000 | 700.000 | **Проектот е реализиран со премиера на 20.04.2024 г.**<br>- Трошоци по авторски договори за адаптација на текст, режија, сценограф, костимограф, фото и видео запис како и фактури за материјали за сценографија и костимографија, реквизити, печатење на плакати и постери, укоричување, пијалаци.<br>-Платено по повеќе банковни изводи и по фискални сметки, во готово од благајна<br>- Од сопствени извори, Театарот има дополнително исплатено **76.467** денари за реализација на проектот |
| 3. | „Парови“-автор режија | 600.000 | 600.000 | **Проектот е реализиран со премиера на 18.05.2024 г.**<br>- Трошоци по авторски договори за автор на текст, режија, сценограф, композитор на музика, фотографија како и фактури за материјали за сценографија и костимографија, реквизити, шминка, печатење на плакати и постери, укоричување, кетеринг и пијалаци.<br>-Платено по повеќе банковни изводи и по фискални сметки, во готово од благајна<br>- Од сопствени извори, Театарот има дополнително исплатено **68.665** денари за реализација на проектот |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Фестивал „Регионална унија на театри“ во Скопје | 1.050.000 | 1.050.000 | **Проектот е реализиран со одржување на претстави од Регионалната унија на театри РУТА во Скопје во периодот од 01.09. д0 20.10.2024 г.**<br>- Трошоци по фактури за сместување на учесници-гости од тетарите од РУТА, печатење на плакати, постери, маици, угостителски услуги и кетеринг, превоз на патници и сл., како и по договори за, како и по договори за изведување на музика, светло, видеозапис и фотографии и редари<br>-Платено по повеќе банковни изводи и по фискални сметки, во готово од благајна<br>- Од сопствени извори, Театарот има дополнително исплатено **372.983** денари за реализација на проектот |
| **Вкупно I:** | | **3.600.000** | **3.600.000** | |
| **II Материјални трошоци и отпремнина** | | | | |
| 1. | Материјални трошоци за работа на установата | 50.000 | 50.000 | -Трошоци за телефони, канцелариски материјали, шиење на костими за проект, објавување на огласи, разни материјали.<br>-Платено по повеќе банковни изводи |
| 2. | Отпремнина и парична помош | 122.577 | 122.577 | - Исплатена е отпремнина за еден вработен и парична помош за смрт на член на семејство на еден вработен |
| **Вкупно II:** | | **172.577** | **172.577** | |
| **Вкупно I и II:** | | **3.772.577 денари** | **3.772.577 денари** | - Од сопствени извори, Театарот има дополнително исплатено **740.160** денари за реализација на проектите од драмската дејност |

**<u>10–Издавачка дејност</u>**

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на Театарот за 2024 г. од областа на издавачката дејност, бр. 24-2491/1 од 28.02.2024 г., од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МКТ, на Театарот му се одобрени и преведни


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

средства во износ од **220.000** денари, од коишто во 2024 г. се преведни **154.000** денари, а на почетокот на 2025 г. се преведени 66.000 денари. Истовремено, во текот на 2024 г. на Театарот му се преведни средства во износ од 165.000 денари како преостаната обврска за проект од 2023 година.

Според презентираната документација и изјавите на присутните лица, проектот е реализиран со издавањето на списанието „Театарски гласник", за што се потрошени **218.183** денари, од коишто 154.000 денари во 2024 г. и 64.183 денари во 2025 година. Направените трошоци во износ од 218.183 денари се по авторски договори за текстови во списанието, графичко уредување, лекторирање и обработка на фотографија, како и по фактура од „Арт принт"-Скопје за печатење на списанието.

<u>**90 – Меѓународна дејност**</u>

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на Театарот за 2024 г. од областа меѓународната дејност, бр. 33-1774/1 од 13.02.2024 г. на Театарот му се одобрени и преведени средства во износ од 1.800.000 денари за проектот **Регионална унија на театри „Рута"** во: **Љубљана, Словенија; Загреб, Хрватска; Сараево, БиХ; Белград, Србија;** Подгорица, Црна Гора; **Скопје**.

Според презентираната документација и изјавите на присутните лица, проектот е реализиран со одржување на претстави на Театарот во Љубљана (Словенија), Подгорица (Црна Гора), Сараево (Босна им Херцеговина), Бриони (Хрватска) и Белград (Србија). За реализација на проектот се потрошени вкупно **1.562.930** денари, од коишто 453.702 денари за гостување во Љубљана, 326.798 денари за гостувањето во Подгорица, 250.222 денари за гостувањето во Сараево, 225.615 денари за гостувањето во Бриони и 306.593 денари за гостувањето во Белград. Непотрошените средства за реализација на проектот во износ од 237.070 денари, на 31.12.2024 г. се вратени во Буџетот на РСМ. Направените трошоци во износ од **1.562.930 денари** се по фактури за превоз на патници и сценографија, дневници за учесниците, патничко осигурување, АТА карнет, како и по договор за превод при гостувањето во Љубљана.

10.3. Ненамирени обврски

Според презентираната сметководствената документација, како и изјавите од присутните лица, при надзорот е утврдено дека Театарот има само обврски од


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

тековното работење, коишто редовно се намируваат, додека нема ненамирени обврски кон доверители од претходни години.

- Врз основа на утврдената фактичка состојба при редовниот инспекциски надзор, се констатира дека:

1. Според презентираната документација и изјавите на присутните лица, Театарот ја реализирал годишната програма за работа на установата за 2024 година, а преведените средства за реализација на проектите се потрошени наменски. Театарот нема ненамирени обврски од претходни години, а евидентираните обврски се само оние од тековното работење.

2. Театарот има постапено согласно со обврските од Законот за културата во однос на доставување на нацрт–годишната програма за работа на Установата, донесување на годишната програма за работа на националната установа, спроведување на постапка за аудиција при вработување на уметници, како и за спроведување на постапка за реаудиција на секои 3 години за вработените уметници од категорија А.

3. Согласно со обврската од членот 31-б став (1) од Законот за културата, Театарот до МКТ има доставено Извештај за реализација на годишната програма за работа на установата за периодот 01.-06.2024 година, бр. 05-424/1 од 10.07.2024 г., но не е доставен полугодишен финансиски извештај за остварување на годишната програма за работа на установата за периодот 07.-12.2024 година.

Оттука, согласно со член 85 т. 1 од ЗК, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од ЗИН, инспекторот ќе преземе мерка, односно ќе донесе решение со опомена со коешто ќе биде определен рок за отстранување на горенаведената неправилност од точката 3., односно директорот на Театарот, на секои шест месеци да доставува извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварување на годишната програма за работа на националната установа, што е обврската од членот 31-б став (1) од Законот за култура.

Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: директор | | Печат и потпис на инспекторот за култура: Зоран Маркозанов, виш инспектор | |
| Датум: | ______.2025 г. | Датум: | 29.07.2025 г. |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk